Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/1572/15, 129/15, 27/16, 120/18 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/19, 267/20, 151/21, 288/21 111/23 39/25, 74/25 и 208/25), член 3 и член 20-г, 20- д од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19,14/20 и 208/24) согласно Предлогот на Комисијата за спроведување на постапка за вработување 03-539/3 од 23.09.2026г. член 12 став (2) алинеја 7 од Статутот на НУ Центар за култура Крива Паланка бр. 01-213/1 од 28.05.2019 година, во врска со јавниот оглас за вработување на шест лице на неопределено време бр. 01/2026 објавен на 04.08.2026 година, директорот на НУ Центар за култура Крива Паланка, ја донесе следната:

Република Северна Македонија
НУ ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА
Бр. 03-545/1
28.09 2026 год.
Крива Паланка

О Д Л У К А

за избор на кандидати по јавен оглас бр. 01/2026

1. **По спроведената постапка за вработување на 6 (шест) лица на неопределено време по јавен оглас со број 1/2026 се изврши избор на следните кандидати за работни позиции:**

- За извршители на работната позиција - **Библиотекар помошник**, еден (1) извршител **КУЛ 0304 Ѓ02 005** во Одделение за културни дејности, во НУ Центар за култура Крива Паланка **се избира кандидатот: Јасминка Јакимовска, Пријава бр.03-419/1.**

- За извршител на работната позиција - **Соработник за сценско музичка дејност**, еден (1) извршител **КУЛ 0304 Г03 001** во Одделение за културни дејности, во НУ Центар за култура Крива Паланка **се избира кандидатот: Христијан Стаменковски, Пријава бр.03-416/1.**

- За извршител на работната позиција - **Друг работник за прием на посетители**, еден (1) извршител **КУЛ 0401 Б01 004** во Одделение за културни дејности, во НУ Центар за култура Крива Паланка **се избира кандидатот: Андријана Додевска, Пријава бр.03-438/1.**

- За извршител на работната позиција - **Техничар на светло**, еден (1) извршител **КУЛ 0405 А01 001** во Одделение за логистика и одржување, во НУ Центар за култура Крива Паланка **се избира кандидатот: Горан Стојановски, Пријава бр.03-437/1.**

- За извршител на работната позиција - **Одговорен декоратер**, еден (1) извршител **КУЛ 0401 А02 006** во Одделение за логистика и одржување, во НУ Центар за култура Крива Паланка **се избира кандидатот: Марина Тасковска, Пријава бр.03-411/1.**

- За извршител на работната позиција - **Билетопродавач**,, еден (1) извршител **КУЛ 0401 Б01 002** во Одделение за логистика и одржување, во НУ Центар за култура Крива Паланка **се избира кандидатот: Сашка Арсеновска Ѓорѓиевска Пријава Бр.03-423/1**

2. По конечноста на Одлуката за избор ќе се донесе решение за вработување и со избраните кандидати ќе се склучи договор за вработување на неопределено време.
3. Одлуката за избор да се достави до кандидатите, да се објави на Огласна табла и на веб страницата на НУ Центар за култура Крива Паланка.
4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на потребата за вработување на лица, утврдена во Годишниот план за вработување на установата со бр. 03-520/1 од 26.08.2025 година, и измена и дополнување на Годишниот план за вработување на установата, 03/118/2 од 17.03.2026 а по претходно добиено известување за обезбедени средства од Министерство за финансии бр. 03-349/1 од 16.07.2026 година, како и одредбите од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на изборот, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работното место за кое е објавен јавниот оглас бр. 01/2026 од 31.07.2026 година, НУ Центар за култура Крива Паланка, објави оглас за вработување на 6 (шест) даватели на услуги, на неопределено време. На Јавниот оглас објавен во дневните весници „Нова Македонија“, „Вечер “ и „Коха“ и на веб страната на установата, се јавија вкупно 21 кандидати за објавените слободни работни места, а врз основа на номинирани членови од Министерството за култура и туризам со бр. 40-8102/2 од 03.09.2026 година е донесено Решение за формирање на Комисија за спроведување постапка за вработување бр. 40-8102/ од 03.09.2026.7.2026г. Комисијата се состана на ден 10.09.2026 година и изврши административна селекција на пријавените кандидати на јавниот оглас и достави Записник од спроведената административна селекција на кандидати бр. 03-500/1 од 10.09.2026 година. На ден 23.09.2026 година, Комисијата ја спроведе и втората фаза од постапката за селекција за вработување, односно спроведе интервју со пријавените кандидати кои успешно ја поминаа првата фаза од постапката за што состави Записник од работата на Комисијата за постапка за вработување за спроведено интервју со бр. 03-539/1 од 23.09.2026 година и начин на бодување во постапката за селекција на кандидати и до директорот на установата достави Предлог одлука од спроведената постапка за избор со бр. 03-539/3 од 23.09.2026 година. Од конечната ранг листа на кандидати се утврди дека избраниот кандидат има освоено најголем вкупен број на освоени бодови во сите фази на селекција.

Врз основа на горенаведеното, се изврши избор како во диспозитивот.

Правна поука:

Приговор против оваа одлука може да се поднесе преку архивата на НУ Центар за Култура Крива Паланка, до Управниот одбор на НУ Центар за култура Крива Паланка во рок од 8 (осум) дена од донесувањето.

Доставено до:
-кандидатите;
-правна служба;
-човечки ресурси
-огласна табла;
-архива.

НУ Центар за култура Крива Паланка

Директор,
Сашко Додевски

28/09/2026 година
Крива Паланка